# VII ОСНОВНИ ПРАВИЛА НА ПИШУВАЊЕ

Секоја приказна и секој напишан текст имаат одредена логика и се конструирани според одредени принципи.

Во суштина, основната структура е иста или слична на сите пишувања. Истата логика важи и за приказна, академска книга или статија. Се разбира, овие различни форми на пишување се разликуваат на многу начини, во однос на должината, сложеноста, длабочината.

Сепак, можеме да идентификуваме некоја основна логика или принципи. Текстот обично треба да има ВОВЕД, ГЛАВЕН ДЕЛ И ЗАКЛУЧОК.




Во воведот треба да кажете за што пишувате, т.е. која е вашата тема, теза, аргумент.

Во принцип, треба да ставате посебни аргументи како посебни параграфи.

Општо земено, односот помеѓу овие елементи треба да биде: 10% за воведот, 10% за заклучокот и 80% за главниот дел на вашиот текст. Се разбира, овие проценти не се поставени цврсто, но треба да се стремите да ги соледите овие насоки. Што мислите, каков треба да биде односот помеѓу овие делови?

## 7.1. КОНСТРУИРАЊЕ НА ПАРАГРАФ

Големиот ирски писател Џејмс Џојс рекол дека уметноста на пишување се состои од пишување реченици.

Може да се парафразира ова и да се каже дека тајната на доброто пишување е да се пишуваат добри параграфи.

Размислете за параграфот како посебна единица текст, како посебен мал свет – на почетокот објавете ја неговата содржина или основното прашање. Секоја реченица што следи треба да додаде нешто или да содржи некои нови информации. Насоката на презентирање треба да биде - од познато до непознато, од старо кон ново. Завршете го параграфот со заклучок. Речениците треба да се поврзат во логичен редослед и вашиот пасус треба да има јасен тек на идеи и информации.

I live in a flat at New Belgrade. I like my view from the balcony. I have been living there for two years. I have a daughter. Last summer I took her to the saside and will take her again this year. Her school is close by... She has many friends in  the area. I am satisfied with this flat.

I moved to New Belgrade two years ago and enjoy living here. My flat is situated in a residential area close to the Danube embankment and historical area of Zemun, full of diverse architecture and dynamic history. Even though the river is not quite visible from the balcony, one can feel its scent and I also have a nice view of the surrounding hills. I have a daughter and spend a lot of free time with her here, except in the summer, when we go to the seaside together. She enjoys it here. She has a big room and a lot of friends. School and playgrounds are nearby. We are very satisfied with our neighbourhood and we hope to stay here for many more years.

Споредете ги овие два параграфи – иако и двата параграфи како пример содржат приближно исти информации, совршено е јасно дека втората верзија е многу подобра. Зошто?

Во основа, додека речениците во првиот пасус се некако механички и неповрзани, во вториот можете да го видите текот од една мисла до друга и лесно да го следите логичкиот редослед. Има воведна реченица која ја опишува темата на параграфот и се што е кажано таму, што придонесува за разработување на главната тема. Значи, ова би бил еден од начините да се поправат работите што недостасуваат за првиот пасус да изгледа подобро.

Конечниот совет за добро пишување би бил - ревидирај, ревидирај, ревидирај. Ако повторувањето е мајка на знаењето, ревидирањето е мајка на секое пишување.

Има една изрека дека филмот се прави во просторијата за монтажа. Значи, ако мислите дека вашето пишување е завршено кога ќе ја ставите последната точка, бидете сигурни дека тоа сигурно не е така. Сега доаѓа делот за уредување. Значи, проверете:

1. Дали сега, после сето ова што го напишавте, вашиот вовед всушност адекватно ја објавува и најавува содржината на вашето дело (обично тоа не е така, па затоа воведот треба да се ревидира).
2. Дали вашиот заклучок ги содржи вашите клучни точки или суштина на се што е напишано?
3. Дали вашите параграфи се добро организирани, односно дали сите ваши аргументи се во ред?

*Ако добро сте го организирале текстот, секој пасус ќе има централна изјава, така што, ако ги извадите сите, тие треба да ги содржат вашите главни аргументи.*